# ТВОИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ ВО УСЛОВИ НА COVID 19

Прочитај и почитувај го јавното здравје

## 1 ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛИЦАТА ЗАБОЛЕНИ ОД КОРОНАВИРУС COVID-19 И ЗА ЛИЦАТА КОИ БИЛЕ ИЛИ ПОСТОИ СОМНЕНИЕ ДЕКА БИЛЕ ВО КОНТАКТ СО ЛИЦЕ ЗАБОЛЕНО ОД КОРОНАВИРУС COVID-19

► Доколку сте лице заболено од заразната болест Коронавирус COVID-19 или лице кое било или за кое постои сомнение дека било во контакт со лице заболено од Коронавирус COVID-19 во интерес на јавното здравје ќе ви се изрече мерка строга изолација (карантин), во домашна изолација или во здравствена установа во времетраење од 14 дена.

► За видот на мерката одлучува здравствен работник по извршена проценка на тежината на вашата клиничка слика.За изречената мерка е потребно да потпишете изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека ќе ја почитувате мерката, за што ќе добиете и решение на јазик што го разбирате од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

► Доколку не ја почитувате мерката, ќе ви се одреди мерка строга изолација (карантин) во објектите определени од Владата на Република Северна Македонија за што Министерството за внатрешни работи и Армијата на РСМ донесуваат решение.

► Поради непочитување на мерката строга изолација (карантин) во домашни услови, должни сте да ги надоместите трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите за строга изолација определени од Владата на Република Северна Македонија.

## 2 МЕРКА СТРОГА ИЗОЛАЦИЈА(КАРАНТИН) ВО ОБЈЕКТИ ЗА СТРОГА ИЗОЛАЦИЈА ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

► Доколку сте лице заболено од заразната болест Коронавирус COVID-19 или лице кое било или за кое се сомнева дека било во непосреден контакт со лице заболено со Коронавирус COVID-19, по извршена проценка на тежината на вашата клиничка слика од страна на здравствен работник, може да ви се изрече мерка строга изолација.
Доколку сте лице кое не ја почитувало мерката строга изолација (карантин) во домашна изолација, ќе ви се изрече мерка строга изолација во објекти определени од Владата на РСМ.

► Доколку сте државјанин на Република Северна Македонија кој сака да се врати во земјата со некој од хуманитарните летови организирано од страна на Владата на Република Северна Македонија или на некој од граничните премини, ќе ви се изрече мерка строга изолација во времетраење од 14 дена.

► Доколку ви е определена мерката строга изолација (карантин) во објекти определени од Владата на РСМ, пред сместување во некој од објектите определени од Владата, своерачно потпишувате изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека ќе ја почитувате мерката.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во објектите во кои се сместувате е потребно да има посебна просторија за лица кои покажуваат симптоми на вирусот, што значи дека лицата кои покажуваат симптоми не треба да бидат во иста просторија со лица кои не покажуваат симптоми на вирусот.

## 3 ДОКОЛКУ СТЕ СМЕСТЕНИ ВО ЕДЕН ОД ОБЈЕКТИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ВЛАДАТА, ВИЕ ИМАТЕ ПРАВО:

► Да одберете мени за исхрана, односно вид на исхрана;

► Да ви се обезбеди достава на храна од кујната до собата каде што сте сместени и обратно, како и собирање на смет и други технички работи;

► Нова и чиста постелнина пред самото сместување во просториите, и истата е потребно да се менува на 7 дена;
► Дезинфекција на објектот каде што сте сместени на секои 5 дена;
► Да се доставаат пратки (пакети) наменети за вас, секој ден од 11-12 часот, од страна на надворешни лица (роднини или пријатели). Содржината на пратките може да се состои од предмети како облека, средство за хигиена, пошта и други намирници. Пратките (пакетите) мора да бидат во картонска кутија затворена со фолија од сите страни и на истата да биде наведено вашето име и презиме, бројот на соба и вашиот телефонски број;

## 4 ДРЖАВЈАНИ НА РСМ ЗАТЕКНАТИ ВО СТРАНСТВО КОИ САКААТ ДА СЕ ВРАТАТ ВО ДРЖАВАТА

► Доколку сте државјанин на Република Северна Македонија со моментален престој во странство, можете да се пријавите во најблиската амбасада на РСМ, за да Ви се обезбеди авионски превоз до аеродромот во Скопје.
► При влез во авионот потпишувате договор со Владата дека се согласувате да ја исплатите сумата за авионскиот билет на владата на РСМ и пополнувате изјава дека сте согласни по пристигнувањето во земјата да бидете сместени во државен карантин во траење од 14 дена.
► Должни сте во рок од 15 дена од денот на влезот на територија на РСМ да извршите уплата на средствата за авионскиот билет на сметка на Буџетот на РСМ.
► За време на превозот, до крајната дестинација на сместување е потребно да се однесувате пристојно и во согласност со законите, а државата е одговорна да ви обезбеди достоинствен и еднаков третман на сите без дискриминација по било кој основ. Трошоците за вашиот превоз од Меѓународниот аеродром Скопје до објектите за државен карантин се на товар на Владата на РСМ.
► Доколку сте во странство и сакате да влезете во РСМ на некои од граничните премини на РСМ, ќе ви се изрече мерката строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена, во објектите определени од страна на Владата. Трошоците за вашиот превоз од граничните премини до објектите за државен карантин како и трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите се на товар на Владата на РСМ.
► Трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите во кои се спроведува мерката карантин, за лицата кои влегуваат на граничните премини на РСМ, се надоместуваат од средствата од Буџетот на Владата на РСМ.

## 5 ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

► Сите лица кои се заболени и лицата кои се опфатени со мерката изолација имаат право на заштита на личните податоци и приватност и објавувањето на нивните лични податоци е во спротивност со прописите за заштита на личните податоци во нашата земја. Доколку Вашите податоци неовластено се објавени имате право да се обратите на следниот линк https://dzlp.mk/mk/prizlnlp до Агенцијата за заштита на личните податоци, која е надлежна да одлучува и може да утврди повреда на правото за заштита на вашите лични податоци.

ЕЛИМИНАЦИЈА НА МАЧЕЊЕТО И НЕЧОВЕЧКОТО ПОСТАПУВАЊЕ ВО ЗАТВОРИТЕ И УСТАНОВИТЕ ЗА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА

ЕУ со ТЕБЕ

Македонско здружение на млади правници


Македонско здружение на млади правници

Донбас бр.14-1/6

02/3220-870

contact@myla.org.mk

www.myla.org.mk


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Хелсиншки комитет за човекови права

Наум Наумовски Борче бр.83

02/3119-073

helkom@mhc.org.mk

www.mhc.org.mk



Проектот е финансиран од Европската Унија



Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.